СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

на Општина Новаци

Број 15/24

Излегува по потреба 06.11.2024 година (среда) бр. 15 година XXVIII
ж-сметка 749014004563010 Депонент: Народна банка на Македонија
E-mail: opstina@opstinanovaci.gov.mk Примерок - 50 ден.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за изменување и дополнување на Статут на Општина Новаци

1. Се прогласува, Одлука за изменување и дополнување на Статут на Општина Новаци, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 05.11.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-770/2
06.11.2024г.
Новаци

Градоначалник
на Општина Новаци
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр. 05/02 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/24), член 21 став 1 точка 1 од Статутот на Општина Новаци (,,Службен гласник на Општина Новаци бр. 07/19) и Одлука за усвојување на предлогот на Комисија за утврдување на грбот и знамето на Општина Новаци бр. 14-348/44 од 27.04.2020 год., Советот на Општина Новаци, на седницата одржана на ден 05.11.2024 година, донесе:

ОДЛУКА
за изменување и дополнување на Статут на Општина Новаци

Член 1

Со оваа Одлука се врши изменување и дополнување на Статутот на Општина Новаци бр. 14-517/4 од 12.06.2019 година.

Член 2

Во член 6 од Статутот, изгледот на грбот на Општина Новаци:

,,



,,

се заменува со:

,,



,,.

Член 3

Во член 7 од Статутот, изгледот на знамето на Општина Новаци:

„



“

се заменува со:

„



“.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Новаци”.

Претседател на Совет
на Општина Новаци
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлуката за одобрување на финансиски средства за учество на Јавниот повик и реализација на Програмата за работно ангажирање – Јавни работи, финансирана од Буџетот на Агенција за вработување на РСМ

1. Се прогласува, Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за одобрување на финансиски средства за учество на Јавниот повик и реализација на Програмата за работно ангажирање – Јавни работи, финансирана од Буџетот на Агенција за вработување на РСМ, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 05.11.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-770/3
06.11.2024г.
Новаци

Градоначалник
на Општина Новаци
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/24), и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци” бр. 07/19), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 05.11.2024 година, донесе:

ОДЛУКА
за изменување и дополнување на Одлуката за одобрување на финансиски средства за учество на Јавниот повик и реализација на Програмата за работно ангажирање – Јавни работи, финансирана од Буџетот на Агенција за вработување на РСМ

Член 1

Одлуката за одобрување на финансиски средства за учество на Јавниот повик и реализација на Програмата за работно ангажирање – Јавни работи, финансирана од Буџетот на Агенција за вработување на РСМ, бр. 14-708/8 од 24.10.2024 г. во член 1 бројот: „52.800,00„ се заменува со бројот: „70 400,00„

Член 2

Одлуката влегува на сила со денот на донесување, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

14-738/5
05.11.2024г.
Новаци

Претседател на Совет на
Општина Новаци
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за примање на донација за изработка на Основен проект за изградба на новопроектирани улици во состав на Индустриска зона Новаци, од Градежен институт Македонија, АД Скопје

1. Се прогласува, Одлука за примање на донација за изработка на Основен проект за изградба на новопроектирани улици во состав на Индустриска зона Новаци, од Градежен институт Македонија, АД Скопје, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 05.11.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-770/4
06.11.2024г.
Новаци

Градоначалник
на Општина Новаци
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член од 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/24), член 21 став 1 точка 49 и член 94 од од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19) и Барање за донација од Општина Новаци бр. 09-687/1 од 07.10.2024 г., Советот на Општина Новаци на ден 05.11.2024 год. донесе:

ОДЛУКА
за примање на донација за изработка на Основен проект за изградба на новопроектирани улици во состав на Индустриска зона Новаци, од Градежен институт Македонија, АД Скопје

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува примање на донација од Градежен институт Македонија, АД Скопје за изработка на Основен проект за изградба на новопроектирани улици во состав на Индустриската зона Новаци, кој претставува проект од јавен интерес на примателот на донацијата, Општина Новаци.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Новаци”.

14-738/6
05.11.2024г.
Новаци

Претседател на Совет на
Општина Новаци
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за одобрување набавка на градежен материјал за Месната заедница на с. Зовиќ

1. Се прогласува, Одлука за одобрување набавка на градежен материјал за Месната заедница на с. Зовиќ, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 05.11.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-770/5
06.11.2024г.
Новаци

Градоначалник
на Општина Новаци
Стевче Стевановски

Врз основа член 36 став 1 точка 15, член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/24), член 21 став 1 точка 49 и член 94 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 05.11.2024 година, донесе:

ОДЛУКА
за одобрување набавка на градежен материјал за Месната заедница на с.Зовиќ

Член 1

Со оваа Одлука, се одобрува набавка на градежен материјал (120 м³ чакал) за потребите на Месната заедница на с.Зовиќ

.

Член 2

Градежниот материјал ќе го набави Општина Новаци, согласно Законот за јавни набавки.

Член 3

Средствата од член 1 на оваа Одлука, ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2024 година.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Новаци“.

14-738/7
05.11.2024г.
Новаци

Претседател на Совет на
Општина Новаци
Славица Најдовска Стојковска

СОДРЖИНА

1. Заклучок за прогласување на Одлука за изменување и дополнување на Статут на Општина Новаци;
2. Заклучок за прогласување на Одлуката за одобрување на финансиски средства за учество на Јавниот повик и реализација на Програмата за работно ангажирање – Јавни работи, финансирана од Буџетот на Агенција за вработување на РСМ ;
3. Заклучок за прогласување на Одлука за примање на донација за изработка на Основен проект за изградба на новопроектирани улици во состав на Индустриска зона Новаци, од Градежен институт Македонија, АД Скопје;
4. Заклучокза прогласување на Одлука за одобрување набавка на градежен материјал за Месната заедница на с. Зовиќ.

Издавач: Градоначалник на Општина Новаци

тел. 047 203 060 **Народна банка на РСМ**
Буџет на Општина Новаци **Д.Б. 4002004169848**
Сметка 749014004563010 **Приходна Шифра**